Извештај од Самоевалуација на училиштето

2021-2023 година

Извештај од Самоевалуација на училиштето

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
"КОЧО РАЦИН"
Бр. 01-210/2
10.08.2023 год.
КРАТОВО

2021-2023 година

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

**ООУ„Кочо Рацин“ Кратово**



| | |
|---|---|
| **Период:** | **2021-2023 година** |
| **Вид на училиштето:** | **Општинско Основно училиште** |
| **Основач на училиштето:** | **Општина Кратово** |
| **Наставен јазик:** | **македонски јазик** |
| **Претседател на УО:** | **Драги Иванов** |
| **Директор на училиштето:** | **Марина Бојковска** |
| **Адреса на училиштето:** | **ул. „Михајло Апостолски“ 11 Кратово** |
| **Телефон:** | **031-481-118** |
| **e-mail:** | **skolokratovo@gmail.com** |
| **web:** | **http://oouracinkratovo.edu.mk/** |

Извештај од Самоевалуација на училиштето

2021-2023 година

## РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

**Врз основа на член 129 и 130, од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20 ) беше извршена Самоевалуација за работата на ООУ „Кочо Рацин“, за периодот од 2021 година до 2023 година, од страна на Тимот за изготвување на Самоевалуација за работата во училиштето. Во текот на работата, тимот оствари средби со директорот, водеа разговори и со сите вработени во училиштето. Се изврши проверка на потребната документација и од неа се користеа повеќе податоци. Исто така беа спроведени анкети со учениците, наставниците, стручната служба, претседател на УО и родителите. Анкетните прашалници беа онлајн спроведени. Сите добиени податоци беа анализирани и врз нивна основа се донесе следниот извештај.**

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование, од Проектот за модернизација на образованието и Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврт на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување.Секако дека воочените слабости во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и вонраставни активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е намалување на слабите страни,а јаките да се одржуваат.

Според целосно извршената самоевалуација, Комисијата ја разгледа целокупната состојба и работа во училиштето,по следните подрачја:

1. ***Организација и реализација на наставата и учењето,***
2. ***Постигања на учениците,***
3. ***Професионален развој на наставниците, стручните соработници и на раководниот кадар,***
4. ***Управување и раководење,***
5. ***Комуникации и односи со јавноста,***
6. ***Училишна клима и култура,***
7. ***Соработка со родителите и со локалната средина.***

Извештај од Самоевалуација на училиштето

2021-2023 година

Врз основа на добиените анализи се изведени судовите и заклучоците каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите позначајни постигања,слаби страни и приоритетни подрачја.

**Подрачје 1: „Организација и реализација на наставата и учењето”**

**Индикатори :**

1.1. Реализација на наставните планови и програми
1.2. Квалитет на наставните планови и програми
1.3. Воннаставни активности
3.1. Планирања на наставниците
3.2. Наставен процес
3.3. Искуства на учениците од учењето
3.4. Задоволување на потребите на учениците
3.5. Оценувањето како дел од наставата
6.1. Сместување и просторни капацитети
6.2. Наставни средства и материјали

**Позитивни страни**

- Навремено изготвување и донесување на Годишната програма за работа на училиштето со која се планира целокупната дејност на училиштето
- Во своите планирања наставниците имаат критериуми и стандарди за оценување, интегрирани содржини за еколошка едукација, содржини од проектот за меѓуетничка интеграција во образованието како и примена на ИКТ содржини во наставата
- Наставата се организира и реализира согласно наставните планови и програми
- Наставниците навемено изготвуваат тематско процесно планирање и годишни планирања кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на настава кои ги доставуаат навремено во стручната служба во училиштето и редовно и навремено ги информираат родителите и учениците

Извештај од Самоевалуација на училиштето

2021-2023 година

- Водење педагошка документација и Е-дневник
- Постојан висок среден успех на ниво на училиште
- Јавно и транспарентно оценување на учениците, редовно информирање на родителите и мал број ученици кои ја повторуваат годината 7 поради непосетување на наставата.
- Наставниците водат грижа за образовните потреби на секој ученик преку организирање и реализирање: дополнителна настава, додатна настава, преку темелно објаснување на материјалот
- Високи резултати и успеси во постигнувањата во наставата и воннаставните активности
- Родителите и учениците навремено се известуваат за постигнувањата на учениците и им се овозможува правото на приговор
- Спроведување на програмата за советување со родители на ученици и ученици кои нередовно ја посетуваат наставата, имаат намален успех или имаат несоодветно однесување
- Инклузија на учениците со посебни потреби, формиран инклузивен тим за учениците со посебни потреби, постои процедура за изготвување на ИОП (индивидуализиран пристап, соработка со родители и стручни соработници, соработка со соодветни институции).
- Грижа за здравјето и безбедноста на учениците
- Се води грижа да се излезе во пресрет на потребите на учениците, не само на образовен план туку и на социо-емоционален план. Клучна улога во овој процес имаат одделенските раководители и наставниците, во соработка со стручните соработници, преку непосредна комуникација со учениците и соработка со родителите. Стручните соработници реализираат стручно - консултативни средби со наставниците, советодавна работа со учениците, соработка и советодавна работа со родители, ако се укаже потреба за повисок степен на помош, родителите се упатуваат кон соодветни институции
- Следење на современи текови во образованието
- Училиштето е секогаш отворено за соработка со родителите

Извештај од Самоевалуација на училиштето

2021-2023 година

- Училиштето има веб страна на која се објавуваат сите потребни информации поврзани со работата на училиштето и постигањата на учениците
- Училиштето е вклучено во повеќе проекти од Еразмус + , фонд за иновации и технолошки развој, МВР, амбасадите на САД и ЕУ, КриТинк, Метаморфозис, Норвешката амбасада и приватната гимназија “Алгоритам” , Балансирано образование за сите, преку физички активности креативности предизвици и помош во заедницата за време на пандемија и пост-пандемија, Erazmus+ проекти: Учење Англиски јазик преку драма и игри (Creative drama and games in ELT), Нуркаме во дигитално изучување на јазик (Diving into digital language learning), Листови (Leaves), Модел на Европска унија (Model of European Union), Биди безбеден “Безбедно пребарување и заштита од булинг” (2 Be safe “Browsing and bulling”)
- Училиштето има добиено ознака eTwinning училиште
- Учениците го афирмираат училиштето и постигнуваат високи резултати на натпреварите и учество во проекти во и надвор од државата
- Училиштето има соработка со бизнис секторот и локалната самоуправа
- Училиштето обезбеди лаптоп компјутери за секој наставник
- Опремени кабинети со нагледни средства, смарт табли, шкафчиња за учениците и наставниците, клупи и столчиња, зебра завеси
- Обновен е книжниот фонд во училишната библиотека
- Наставниците посетија обуки за работа со ученици со посебни образовни потреби
- Реконструиран спортскиот терен во дворот на централното училиште

**Слаби страни**

- Оптовареност на учениците со голем фонд на часови
- Нема постојана интернет конекција во подрачните училишта
- Недостасува реализација на отворени часови, организирани од наставниците, за меѓусебна размена на искуства

- Потребно е обновување на дел од наставните нагледни средства и збогатување на дидактичките материјали согласно потребите, особено во подрачните училишта
- Поради дотраената и оштетена компјутерска технологија, наставниците наидуваат на потешкотии во реализирањето на часовите, во кои има предвидено ИКТ содржини во подрачните училишта
- Доопремување на кабинетот по музичко образование
- Намалување на вкупниот број на ученици
- Во училиштето нема развиено систем за наградување на наставниците
- Во училиштето не се работи доволно на професионална ориентација на учениците

**Приоритети**

- Замена на дотраената и оштетена компјутерска технологија со нова, со цел успешно реализирање на ИКТ содржините предвидени во наставната програма во подрачните училишта
- Обезбедеување на постабилна интернет конекција во подрачните училишта
- Обновување на фондот на нагледни средства и дидактички материјали по сите предмети
- Систем за наградување на наставниците
- Професионална ориентација на учениците

Извештај од Самоевалуација на училиштето

2021-2023 година

**Подрачје 2: „Постигања на учениците”**

**Индикатори :**

2.1.Постигања на учениците

2.2.Задржување/осипување на учениците

2.3.Повторување на учениците

3.6.Известување за напредокот на учениците

4.4.Следење на напредокот на учениците

5.2.Промовирање на напредокот на учениците

**Позитивни страни**

- Училиштето располага со комплетни податоци (во пишана и електронска форма) за постигањата на учениците
- Успешно детектирање на ученици кои имаат потешкотии во учењето, талентираните ученици и ученици со посебни образовни потреби (секој наставник според негови критериуми или во консултација со стручната служба)
- Училиштето ги следи постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус
- Училиштето ја следи и почитува постапката за премин на учениците од едно во друго училиште
- За ученици со ПОП формиран е училишен инклузивен тим и инклузивен тим за ученик кои се стремат кон подобрување на квалификациите за работа со овие ученици
- Транспарентно и јавно промовирање на постигањата на учениците
- Се создава стимулативна средина во која учениците сакаат да учат и напредуваат
- Училиштето работи на 5 проекти од Еразмус + програмата и на повеќе други проекти преку кои нашите ученици имаа можност да се запознаат со работа на училишта во земјата и во странство како и запознавање нови дугарчиња и одржување на другарството
- Учениците учествуваат на општински, регионални и државни натпревари, под менторство на наставници кои ги подготвуваат учениците за натпревар и постигнуваат високи резултати

Учениците кои освоиле награди на државни натпревари се наградуваат

Извештај од Самоевалуација на училиштето

2021-2023 година

**Слаби страни**

- Немање на дефектолог и други стручни лица
- Немање на училиштен весник
- Осипување на ученици поради менување на местото на живеење
- Училиштето не ги наградува учениците кои континуирано постигнуваат одличен успех и имаат примерно поведение

**Приоритети**

- Поголеми напори за вработување на дефектолог и други стручни лица
- Изработка на училиштен весник
- Изработка на стратегија за привлекување и задржување на учениците
- Наградување на учениците кои континуирано постигнуваат успеси и примерно поведение

Извештај од Самоевалуација на училиштето

2021-2023 година

**Подрачје 3: „Професионален развој на наставниците, стручните соработници и на раководниот кадар”**

**Индикатори :**

6.3.Обезбедување на потребниот наставен кадар, стручните соработници и раководниот кадар

6.4.Следење на развојните потреби на наставниот кадар, стручните соработници и раководниот кадар

**Позитивни страни**

- Целокупниот наставен кадар е во согласност со нормативите за работа и Законот за основно образование
- Компетентен наставен кадар за реализација на квалитетна настава, учење и поучување на учениците
- Добра соработка на наставниците со директорот и стручната служба на училиштето
- Стручна помош и поддршка на наставници - почетници од ментор и стручната служба
- Уредно водење на професионално досие на наставниците и стручните соработници во Училиштето
- Училиштето се грижи од аспект на хумана и социјална помош на загрозените ученици
- Наставниците активно се вклучени во проектите и ги реализираат истите
- Стручните соработници ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на училиштето
- Стручната служба им помага на наставниците во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите
- Стручниот кадар е подготвен да ги прифати промените во образовниот процес
- Училиштето организира интерни обуки за потребите на наставниците
- Се следи напредокот на учениците со потешкотии во учењето
- Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца преку: родителските средби, е- дневник и пишани информации

Извештај од Самоевалуација на училиштето

2021-2023 година

**Слаби страни**

- Нецелосно комплетирана стручна служба во училиштето и потреба од дефектолог и социјален работник
- Организирање на обуки за изработка на издржливи проекти и пополнување на апликации за грантови, донации, фондови и конкурси

**Приоритети**

- Комплетирање на стручната служба во училиштето и потреба од дефектолог и социјален работник.
- Организирање на обуки за изработка на издржливи проекти и пополнување на апликации за грантови, донации, фондови и конкурси.

Извештај од Самоевалуација на училиштето

2021-2023 година

**Подрачје 4: „Управување и раководење со училиштето”**

**Индикатори :**

7.1. Управување и раководење со училиштето

**Позитивни страни**

- Добро менаџирање на директорот на училиштето
- Добро менаџирање на директорот за подобрување на условите и инфраструктурата во училиштето
- Навремено донесување на Годишна програма за работа на училиштето
- Директорот води транспарентна и ефективна комуникација со сите стручни органи во училиштето
- Директорот спроведува добра тимска работа
- Училиштето има пишан кодекс на однесување на учениците, наставниците и на родителите
- Училиштето се грижи од аспект на хумана и социјална помош на загрозените ученици

**Слаби страни**

- Недоволна вклученост на локалната бизнис заедница и родителите во обезбедување донации и спонзорства за подобрување на инфраструктурата во училиштето
- Недоволна соработка со невладиниот сектор
- Недоволна транспарентност во работењето на УО
- Недоволна мотивација и стимулација на тимовите

**Приоритети**

- Изработка на стратегија за поголема вклученост на локалната бизнис заедница и родителите во обезбедување донации и спонзорства за подобрување на инфраструктурата во училиштето
- Поголема соработка со невладиниот сектор
- Поголема транспарентност на работата на УО
- Поголема стимулација и мотивираност на тимовите во училиштето

Извештај од Самоевалуација на училиштето

2021-2023 година

**Подрачје 5: "Комуникации и односи со јавноста"**

**Индикатори :**

- Комуникации на ниво на училиште
- Комуникации на ниво на училница
- Комуникација со окружување на училиштето

**Позитивни страни**

- Добра соработка на стручните соработници со наставниците и родителите
- Добро воспоставена комуникација помеѓу наставник-наставник, наставник-ученик, наставник-родител, наставник-директор и сите чинители на воспитно-образовната дејност
- Постои позитивна клима и добра атмосфера во училиштето
- Редовни состаноци на Наставничкиот совет, стручни активи, Одделенски совети и училишна заедница
- Почитување на личноста на ученикот и еднаков третман на сите ученици
- Воспоставена добра комуникација со Локалната самоуправа
- Успешно учество на сите локални манифестации
- Добра соработка со институции од областа на културата, здравството, социјални и образовни институции
- Добра комуникација на училиштето со институции од централно ниво (МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ)
- Отвореност за вклучување во проекти

Извештај од Самоевалуација на училиштето

2021-2023 година

**Слаби страни**

- Организирање на повеќе работилници со родителите на кои заеднички ќе се дискутира и зазема став во однос на воспитувањето и образованието на учениците
- Слаба комуникација со невладиниот сектор и потенцијални донатори

**Приоритети**

- Организирање на работилници со родителите во однос на воспитувањето и образованието на учениците.
- Поддршка на процесот за партнерство на училиштето со деловната заедница и бизнис секторот

Извештај од Самоевалуација на училиштето

2021-2023 година

**Подрачје 6: „Училишна клима и култура”**

**Индикатори :**

4.2.Здравје

4.3.Советодавна помош за понатамошно образование

5.1.Училишна клима и односи во училиштето

5.2.Промовирање на постигањата

5.3.Еднаквост и правичност

6.5.Финансиско работење во училиштето

7.2.Цели и креирање на училишна политика

7.3.Развојно планирање

**Позитивни страни**

- Континуирана и редовна грижа за учениците
- Одржување на редовна хигиена, дезинсекција, дезинфекција и дератизација
- Соработка со ЈЗУ „Здравствен дом “-Кратово и спроведување на сите редовни и вонредни систематски прегледи
- Изготвени: Куќен ред, Кодекс на однесување и Еко-кодекс во училиштето
- Воспоставена е добра клима за работа во училиштето
- Промовирање на сите постигања
- Еднаков третман и пристап кон сите ученици според пол и етничка припадност
- Инклузија на учениците со посебни потреби
- Финансиско работење според законските акти и нормативи
- Почитување на правилници, процедури и акти на училиштето

Извештај од Самоевалуација на училиштето

2021-2023 година

- Континуирано изготвување на Развоен план согласно законските прописи
- Континуирано давање на приоритети од областа на Интеграција на еколошка едукација во нашето училиште
- Училиштето го почитуваше протоколот за работа за време на пандем**ија**
- Изготвување на Правилник за пофалби, награди и педагошки мерки за учениците во училиштето

**Слаби страни**

- Училиштето има потреба од анкети, работилници за професионална ориентација на учениците.
- Во училиштето нема доволен број на обучен кадар за давање на прва медицинска помош и заштита при несреќен случај.
- Потребно е планирање, организирање и реализирање на трибини и предавање за спречување на пушење, дрога и алкохол од стручни лица.

**Приоритети**

- Предавања и работилници за спречување на пушење, дрога и алкохол од стручни лица.
- Училиштето да работи на Професионална ориентација на учениците.
- Обуки на вработените за Прва медицинска помош во случај на несреќи.

**Подрачје 7: „Соработка со родителите и со локалната средина”**

**Индикатори :**

5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

**Позитивни страни**

- Училиштето е отворено за соработка со родители, локалната средина, како и со училишта надвор од земјата и сл.
- Спроведување на „Програма за советување на родителите“
- Родителите пружаат поддршка при организација и реализација на различни настани по различни поводи
- Учество во сите настани и манифестации организирани од локалната самоуправа
- Добра соработка со медиумите со цел информирање на јавноста за постигнатите резултати на учениците и вработените, за работата на училиштето, успешно реализираните проекти, како и за можностите што ги нуди училиштето за упис на учениците и следењето на нивниот понатамошен развој
- Одбележани значајни меѓународни и светски денови

**Слаби страни**

- Зголемен број на изостаноци

**Приоритети**

- Зголемување на воспитната компонента на учениците преку поголема ангажираност на наставниот кадар и стручната служба во делот подобрување на редовноста и поведениeто на учениците.

Извештај од Самоевалуација на училиштето

2021-2023 година

**Предлог мерки:**

- Доопремување на училниците со смарт табли
- Обезбедување на постабилна интернет конекција во подрачните училишта
- Обновување на фондот на нагледни средства и дидактички материјали по сите предмети
- Изработка на стратегија за привлекување и задржување на учениците
- Поголеми напори за вработување на дефектолог и други стручни лица
- Обезбедување на што поголем број на обуки за воспитно-образовниот кадар зависно од потребите што ги наметнува образовниот процес(новитети итн.)
- Организирање на обуки за изработка на издржливи проекти и пополнување на апликации за грантови, донации, фондови и конкурси.
- Изработка на стратегија за поголема вклученост на локалната бизнис заедница и родителите во обезбедување донации и спонзорства за подобрување на инфраструктурата во училиштето
- Поголема транспарентност на работата на УО
- Поголема стимулација и мотивираност на тимовите во училиштето
- Поддршка на процесот за партнерство на училиштето со деловната заедница и бизнис секторот
- Предавања и работилници за спречување на пушење, дрога и алкохол од стручни лица.
- Училиштето да работи на Професионална ориентација на учениците.
- Обуки на вработените за прва медицинска помош во случај на несреќи.
- Зголемување на воспитната компонента на учениците преку поголема ангажираност на наставниот кадар и стручната служба во делот подобрување на редовноста и поведението на учениците.

Извештај од Самоевалуација на училиштето

2021-2023 година

Извештај од Самоевалуација на училиштето

2021-2023 година

Комисијата, Извештајот од извршената самоевалуација на работењето на училиштето ќе го достави до Училишниот одбор, до директорот на училиштето и до основачот.

**Тим за самоевалуација:**

1. Даниела Пешева - одговорен наставник__________________
2. Весна Петрова - предметен наставник __________________
3. Марија Чочевска – одделенски наставник__________________
4. Наташа Даниловска – предметен наставник__________________
5. Биљана Николовска – педагог__________________
6. Ирена Трајкова - одделенски наставник __________________
7. Даниел Тодоровски – предметен наставник __________________
8. Тошо Петков – одделенски наставник__________________

**Јули 2023 година**

**Директор**

**Марина Бојковска**

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „КОЧО РАЦИН" РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КРАТОВО